# *НЕРОН*

Нерон (латински Nero Claudius Caesar Augustus Germanicus; Анцио, 15 декември 37 - Рим, 6 јуни 68) бил римски император чиј вујко бил императорот Калигула.За Нерон се врзуваат многу скандалозни настани, од кои првиот се совпаѓа со неговиот прв брак (кој се смета за инцестуозен) со неговата полусестра Клавдија Октавија, ќерка на императорот Клавдиј.





Негативната слика за него ја пренесувале пред сè христијанскит
историчари бидејќи се смета дека Нерон бил првиот кој изврши
прогонство врз христијаните. Дури се смета и тоа дека Нерон би
антихрист бидејќи бројчениот збир на буквите од неговото име
на хебрејски јазик е 666, број кој алудира на Сатаната. Всушност
не е пронајден никаков официјален декрет на Нерон против
христијаните.





- Владеењето на Калигула траело од 37 до 41. Тој починал од повеќе убодни рани во јануари во 41 година откако бил заседен од сопствената преторијанска гарда на ридот Палатин.  Клавдиј го наследил Калигула како Цар. Агрипина се омажила за Клавдиј во и станала негова четврта сопруга. Таа го убедила Клавдиј да го посвои својот син Нерон.  По усвојувањето на Нерон, „Клавдиј“ станал дел од неговото име: Нерон Клавдиј Цезар Друс Германикус. Клавдиј имал издадени златници за да го одбележи посвојувањето. Професорот по класика Јосија Осгуд напишал дека „монетите, преку нивната дистрибуција и слики, покажале дека се подготвувал нов Лидер“.





# *Големиот пожар и Нерон*

# Големиот пожар во 64 година

- Еден од најпознатите контраверзни настани за време на Империјата е настанот поврзан со Големиот пожар. Избувнат е вечерта, на 18 јули, 64 година, а траел околу 5 дена. Многу приказни кружат за тоа кој го подметнал пожарот, но се уште нема податок за официјалниот виновник.



# Теории за виновникот

- Суетониус и Касиус Дио, римски историчари, го обвинуваат Нерон, тогашниот римски император, за подметнување на пожарот со цел да може да го изгради неговиот комплекс на ново.
- Такитус пак наведува дека христијаните го признале овој злочин, но се верува дека ова признание е принудено.
- Гледано од друга преспектива би било ненамерното избување на пожарот, затоа што оваа појава се повторила во 69 и 80 година.





# Последици од пожарот

- По избувнувањето на пожарот, Нерон се залагал за комплетна урбанистичка реформација. Новите куќи кои се граделе биле одделени една од друга и изградени на широки патишта. Целата помош била платена од страна на Нерон, кој реагирал веднаш по избувнувањето на пожарот.



# Митот за Нерон и виолината

- Пожарот е основа за една од најпознатите изреки која и денес ја среќаваме во македонскиот јазик како „Село гори, баба се чешла“. Коренот на оваа изрека е токму гласините за Нерон, кои велат дека за време на пожарот тој свирел на виолина (поточно „fiddle“) без да му е гајле за состојбата.



- Изработила: Викторија Узунова ***II2***